

Наум А. Туфекчиев (29. VI 1864 - 26. II 1926) е македонски револуционер, потпретседател на ВМК (1895) и трговец од Македонија. Учествувал во дејноста на Младата македонската книжевна дружина, Братскиот сојуз и Македонскиот комитет. Неговото име е поврзано со неколку атентати, меѓу кои и убиството на бугарскиот премиер Стефан Стамболов. Во својата бомболеарница произведувал бомби со кои ја снабдувал Македонската револуционерна организација. Во 1906 година склучува договор со Бугарската армија на која и испорачал рачни бомби „Македонки“ или „Македонија“ кои се користеле во текот на Балканските војни.

Наум Туфекчиев е роден на 29 јуни 1864 година во Ресен. Студирал пиротехника во Белгија и отворил компанија за производство на експлозиви и оружје во Софија. Во Белград, Наум заедно со Димитар Ризов, Крсто Ножаров, Михаил Ставрев (Хајо) и неговите браќа Никола и Димитар (Денчо) Тифекчиев, планирал убиство на Стефан Стемболов. Меѓутоа, на 15 (27) март, наместо Стамболов, бил убиен министерот Христо Белчев.

ДимитарТуфекчиев бил уапсен и подоцна убиен, додека Наум побегнал во Одеса, каде што со знаење на руските власти го подготвувал убиството на бугарскиот дипломатски претставник во Турција, д-р Георги Валкович. Подготвил двајца терористи кои го убиле докторот на 12 февруари 1892 година во Цариград. Наум и Никола Туфекчиеви биле осудени од османлискиот суд на 15 години затвор, но казната не била извршена бидејќи не беа екстрадирани од Русија. Накратко бил испратен во егзил во Симбирск и добивал месечна плата од руската држава.

Потоа Туфекчиев заминал за Бугарија, каде се вклучил во активностите на Младата македонска литературна дружина во периодот 1892-1894 година. На 27 декември 1894 година Туфекчиев заедно со Димитар Ризов, Андреј Љапчев, Тома Карајовов, Никола Наумов и Трајко Китанчев го основале Братскиот сојуз, кој една година подоцна се споил со Македонскиот комитет. На 1. Конгрес на македонските друштва, Туфекчиев бил избран за потпретседател на организацијата.

Во 1895 година во Софија, Наум основал фабрика за бомби каде што ги произведувал гранати „македонки“, користејќи го Дончо Штипјанчето како главен курир за испораки во Македонија.

Истата година, на 15 јули, тој успешно го организирал убиството на Стефан Стамболов, по што бил уапсен и осуден на три години затвор. Меѓутоа, подоцна бил ослободен.

Преку Димитар Љапов, Наум стапил во контакт со Ерменците Бедрос Паријан и Армен Гаро, кои со неговото оружје се подготвувале да ја напднат Отоман банка во Константинопол. После тоа, неговите активности биле забранети од бугарските власти.

Наум Туфекчиев и Стојан Шангов во 1900 година почнале да го издаваат весникот „Вечерна пошта“, кој бил основан на иницијатива на Борис Сарафов и д-р Никола Генадиев, со цел да се поддржи македонската кауза.

Од 1905 година стапил во контакт со болшевичките револуционери и им препродавал бомби. Во 1906 година, Туфекчиев бил вмешан во меѓународен скандал околу трансферот на оружје во Русија.

Во 1908 година Наум Туфекчиев се враќа во Македонија и се зближил со водачите на Младотурската револуција Нијази бег и Енвер бег. Во 1915 година турската тајна полиција стапила во контакт со Наум Туфекчиев со цел да организира атентат во Бугарија, кој би ја втурнал Софија во сојуз со Централните сили. Така, тој го организирал нападот на Градското казино, извршен од страна на Црвените браќа на 31 јануари 1915 година.

На 26 февруари 1916 година, по наредба на Тодор Александров, на улицата Раковски во Софија, со шест куршуми во градите бил убиен Наум Туфекчиев.



Подготвил: Т.К.